АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-586/3
02.05 2018 год.
СКОПЈЕ

Арх. знак 1501
Рок на чување
02.05 2018 год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК ОД ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**25.04.2018**

На состанокот одржан на ден 25.04.2018 година присутни се д-р Кирил Пецаков, д-р Јосиф Ристески и д-р Гоце Бабоски. Отсуство најавија д-р Агрон Пашоли и д-р Данчо Бизески.

Дневниот ред е ставен на гласање и едногласно усвоен.

## ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука на ЦИК за РО Карпош
2. Одговор на приговор од д-р Денковски Маријан
3. Разно

Врз основа на прелиминарниот извештај од изборните резултатите на РО Карпош во изборниот резултат имаше две неважечки ливчиња кои го менуваа редоследот на кандидатите кои што освоиле доволен број на гласови за да бидат делегати во Собранието на СКМ.

ЦИК при пребројување на гласовите од РО Карпош најде две гласачки ливчиња кои се без печат во долниот десен агол, со самото тоа истите тие гласачки ливчиња се неважечки и врз основа на записникот кој е добиен од РО Карпош од денот на гласањето, го менува резултатот на кандидатите односно: 1. Цветанка Бајрактарова Мишевска од 42 гласа има 41 глас, колегата по реден број 2. Јордан Стојановски има 34 и колегата под реден број 6. Арбен Емини има 34 гласа. РО Карпош за подрачјето на општините: Карпош, Ѓорче Петров и Сарај достави известување до Централната изборна комисија за да биде запазена етничката рамноправност, поточно од три изгласани делегати, едниот да биде етнички албанец без разлика на бројот на добиени гласови, поради тоа бара да биде испочитувана одлуката од регионалниот одбор.

Во прилог на ова ја имаме дополнително и изјавата на кандидатот за делегат д-р Јордан Стојановски кој се откажува од местото делегат во Собранието на СКМ за да се имаат предвид, регионалната, половата и етничката застапеност на членовите на Комората, при што се применува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Македонија), се откажувам од функцијата делегат во Собранието на Стоматолошка комора на Македонија, но останувам како член во регионалниот одбор Карпош.

По однос на приговорот истакнат од др. М. Денковски на 24.04.2018 година, сметаме дека треба да се истакне следното:

1.По однос на наводите истакнати во точка еден од споменатиот приговор, истакнуваме дека на Конститувната седница на Собранието на Комората, оджана на ден 12.04.2018 година, јасно и недвосмислено од страна на Претседателот на ЦИК беа истакнати роковите во кој овластените предлагачи за кандидати за претседател на Комората (најмалку 3 регионални одбори по верификација на нивниот мандат и најмалку 20 делегати по верификација на нивниот мандат), можат до ЦИК да поднесат предлози за претседател на СКМ како и рокот во кој предложените кандидати треба да се произнесат по предлозите и да ја достават потребната документациј и рпограма за работа. Имено согласно член 50 ставови 4, 5 и 6 од Правилникот, јасно се кажани горните гранични рокови во кои треба да се спроведат изборните дејствија за избор на претседател на СКМ, одноно дека Собранието утврдува датум за одржување на седница за избор на Претседател на СКМ, и дека најдоцна во рок од 10 дена по конститивната седница, овластените предлагачи треба да достават предлози за претседател на СКМ до ЦИК. Во контекст на тоа, ЦИК на конситутвната седница на Собранието на СКМ, определи датуми за сите изборни дејствија и за сите овластени предлагачи, кои датуми и рокови се во сголасност со член 50 став 5 и 6 од Правилникот односно истите се определени во рамки на рокот од не подоцона од 10 дена од денот на одржување на конститувната седница на Собранието на СКМ. Дури и да се земе в предвид наводото во однос на рокот за предлагање на кандидати од 20 делегати на Собранието на СКМ по верификација на нивниот мандат, подносителот на приговорот сам констатирал дека рокот од став 5 на член 50 на Правилникот е веќе изминат, а изборната седница е закажана два дена по последниот ден од предвидениот рок, што оставе доволен простор и време да се поднесе ваков предлог до ЦИК и истиот да биде разгледан и Цик по истиот да се произнесе. Така да наводите истакнати во споменатата точка 1 на приговорот, се во целост неосновани.

2. По однос на точка 2 од приговорот, мораме да истакнеме дека се работи за паушално и неосновано наведен факт дека постоела забрана определен регион да даде повеќе од еден предлог – кандидат за претседател на СКМ, бидејќи видно од одредбите на Правилникот, таква прохибиција никаде не е спомената. Ова мора да се сфати во насока на тоа дека Регионалните одбори како овластени предлагачи имаат слобода да проедлагаат кандидати за претседател на Комората оноклу колку што сметаа дека треба, нормално по услов секој од предлозите да добие поддршка од мнозинството членови на конкретен регионален одбор, дополнително на тоа споменатите регионални одбори Кавадарци и Карпош во своите записници кои ги доставија до ЦИК доколку има било какви пречки на СКМ тие предлагаат еден кандидат кој што е јасно нотиран од нивна страна во записниците (како ЦИК за да немаме дополнителни забелешки врз основа на Статут и Правилник уште од самиот старт ја земавме во предвид кандидатурата на оној кандидат кој што добил предност според записникот на РО) . Така да наводите истакнати во оваа точка, се во целост неосновани.

3. Во однос на ннаводите од точка 3 на приговорот, мораме да истакнеме дека ЦИК внимателно и темелно ги разгледа доставените предлози за кандидати за претседател на СКМ со сета пропратна документација и кај ниту еден од доставените не констатира било какво прекршување на законски и статутарно предвидените услови за кандидарање за претседател на СКМ. Имено паушално и крајно непрецизно па на моменти и тенденциозно од страна на

подносителот на приговорот се наведува дека постапката за кандидирање на кандидати за претседател на СКМ била спротивно на Законот за здравствена зашттиа и Статутот на Комората направен, без притоа да наведе која од останатите кандидатури според него не го исполнува условот од член 359 од Законот кој е преточен во член 24 од Правилникот. Така да во отсуство на прецизност и концизност на овој навод во приговорот, сметаме дека наводите истакнати во оваа точка на приговорот, се во целост неосновани.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и седницата заврши.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-Р КИРИЛ ПЕЦАКОВ**